# ПРАВИЛНИК
## за распределба на објектите за одмор и рекреација при МВР на РМ

Согласно член 49 од Колективниот договор на МВР, предвидено е формирање на комисија за одмор и рекреација во состав од пет члена од кои двајца членови се по предлог на Министерот за внатрешни работи, а тројца се од редовите на Претседателството на МПС од чии редови се избира и Претседателот на комисијата.

Со оглед на ограниченоста на капацитетите за сместување на предлог на Претседателството на МПС, од страна на комисијата е изготвен овој Правилник според кој ќе се врши распределба на капацитетите кои се во нејзини ингеренции.

Со овој Правилник се утврдуваат поблиски критериуми според кои Комисијата за одмор и рекреација при МВР на РМ (во понатамошниот текст Комисија) ќе врши распределба на капацитетите со кои располага Министерството.

Во ингеренции за распределба на комисијата се следните капацитети:

1. Одморалиште Охрид - на брегот на Охридското езеро со 44 соби, 4 апартмани и 1 полуапартман.
2. Одморалиште Крани - на брегот на Преспанското езеро со 45 соби, 3 апартмании 3 полуапартмана. Во комплексот на одморалиштето има  и 4 камп приколки.

## ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ

1. Работниот стаж на работникот;
2. Дали до сега работникот претстојувал во објектит, односно во последните 3 години;
3. Територијална и организациона застапеност;
4. За време на празници доколку има повеќе денови, приоритет ќе имаат оние работници кои се заинтересирани за претстој во текот на сите денови;

## ПОМОШНИ КРИТЕРИУМИ

1. Семејната положба на работникот (членови на семејството);
2. Материјална состојба (висина на плата);
3. Здравствена состојба на работникот или член на неговото потесно семејство;

## УСЛОВИ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ

1. Приоритет при доделување на капацитетите имаат
   - **I** Вработени во МВР
   - **II** Пензионирани работници на МВР
   - **III** Надворешни лица

2. Барањата да се доставуваат до МПС со службена пошта на посебен образец БАРАЊЕ кој е изработен за таа цел и истиот ги содржи сите потребни податоци кои треба да бидат внесени на него.

3. За точноста на податоците одговара подносителот на барањето.
4. Нецелосно и неправилно пополнети барања нема да бидат земени во предвид при решавањето.
5. Комисијата во определен рок одлучува по барањата и по извршениот избор изготвува две листи и тоа: листа на одобрени барања која содрижи име и презиме на работникот со конкретен број на доделената соба и одморалиште и листа на одбиени барања со име и презиме на работниците кои би пополниле капацитетите доколку се откаже некој листата на одобрени барања.
6. На лицата кои се на листата на одобрени барања ќе им се изготват ваучери во два примероци и ќе им бидат доставени на сите со обврска вториот примерок веднаш да го вратат потпишан со што потврдуваат дека се согласуваат со условите наведени во нив и дека ќе ги користат капацитетите на МВР.
7. Со ваучерот одморалиштата можат да ги користат само лицата на чие име гласи ваучерот и лицата кои се наведени во ваучерот, а лица кои не се наведени во ваучерот нема да бидат примени во одморалиштата, односно ќе бидат враќани од страна на раководителите на одморалиштата.
8. За редовно вработени во МВР во потесно семејство се сметаат сопругот-сопругата и децата;
9. За пензионираните работници од МВР во потесно семејство се сметаат само сопругот-сопругата;
10. Деца до 14 годишна возраст може да предстојуваат во одморалиштата на МВР исклучиво во присуство на подносителот на барањето;
11. Сите работници на кои им е доделена соба, а се откажуваат од истата, должни се надоцна 10 дена пред почетокот на нивната смена да го вратат ваучерот до МПС. Доколку не го вратат ваучерот и не отидат во одморалиштето, согласно член 50 од КД ќе им биде наплатен 10% од вкупниот износ и наредните 5 години истите ќе немаат право да ги користат капацитетеите на МВР;
12. При предвремено напуштање на одморалиштето паричните средства не се враќаат;
13. Само деца до 10 годишна возраст може да користат половина од трите оброци;

Комисија за одмор и рекреација
Претседател, Мики Величковски